CULINARY SCHOOL

EMBAJADA DE ESPAÑA EN SKOPJE

aecid

*ФЈ Кулинарско училиште има чест да ве покани на настанот*

# „ШПАНСКИ ДЕНОВИ НА ВКУСОТ: ФУЗИЈА НА ТРАДИЦИИТЕ“

СКОПЈЕ & КОЧАНИ | 2 – 6 ЈУНИ 2026

**Од El Bulli во Скопје, ФЈ кулинарско училиште ви го носи кралот на оризот од Сан Себастијан.**

**Една од главните ѕвезди во тимот на Феран Адрија доаѓа во Македонија.**

Ве покануваме да станете дел од настан кој ја редефинира кулинарската сцена во Македонија. Овој проект ги спојува локалните вредности со светската експертиза, создавајќи уникатна платформа за вмрежување и промоција на кулинарската уметност пред селектирана публика на професионалци и ентузијасти.

# Експертиза од Светски Ранг




Ни доаѓа еден од првите професори на највлијателниот кулинарски центар во светот.

**Шеф Луис Аруфат:** Доаѓа директно од Баскискиот кулинарен центар каде е координатор на магистерски студии. Неговото портфолио го вклучува легендарниот **elBulli**, каде поминал 6 години во тимот на Феран Адрија како главен слаткар. Тој имал одговорни позиции во други оддели за истражување и развој на ресторани како што се „Arzak" и синџирот ресторани „José Andrés" во Вашингтон. Неговото искуство се протега низ ресторани со Michelin sвездички како што се Mugaritz и Quique Dacosta.

**Шеф Жорди Триињос Мињан:** Sous Chef на шеф Аруфат, кој ќе донесе дополнителна прецизност во реализацијата на техничките мастер-класови.

# Програма на Настанот

ДЕН 1 (ВТОРНИК, 2 ЈУНИ 2026) | СКОПЈЕ

## Пристигнување

Пристигнување на шпанските готвачи во Скопје.

ДЕН 2 (СРЕДА, 3 ЈУНИ 2026) | КОЧАНИ & СКОПЈЕ

## Ден на Оризот

Едукативен настан под покровителство на Амбасадата на Шпанија и Општина Кочани. Вклучува презентација на кулинарските примени на кочанскиот ориз, подготовка на традиционални шпански рецепти и посета на локалните полиња. Во попладневните часови, посета на винаријата Шато Камник, со дегустација на селекција врвни македонски вина.

ДЕН 3 (ЧЕТВРТОК, 4 ЈУНИ 2026) | СКОПЈЕ

## Професионален Форум & Мастер Клас

**11:00 – 13:00 (Куќа на Европа):** Форум за современите гастрономски практики и тенденции и ресторански менаџмент.
**18:00 – 22:00 (ФЈ Училиште):** Интензивна обука за 20 професионалци за тајните на шпанската кујна.

ДЕН 4 (ПЕТОК, 5 ЈУНИ 2026) | СКОПЈЕ

## Шпанска Вечер

Ексклузивна вечера со 5 јадења подготвени од шпанските мајстори. Вечерата ќе биде придружена со селекција на врвни вина од Шато Камник, избрани од нивниот сомелиер. Ограничено на 40 VIP гости.

ДЕН 5 (САБОТА, 6 ЈУНИ 2026) | СКОПЈЕ - ШПАНИЈА

## Затворање на настанот

Враќање на гостите за Шпанија и официјално затворање на манифестацијата.